# INTERPRETATION OF THE ETHNOGENESIS IN THE WORKS OF THE MACEDONIAN MEDIEVALISTS (I)

## The Development of the Conceptions of Ethnogenesis in the Period 1949-1970

**Stojko Stojko, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**stojko.stojkov@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

### Abstract

The subject of this research are the ideas of the ethnogenesis of the Macedonian people presented in Macedonian historiography during communistic period. The evolution of basic ideas and arguments has been explored in the context of the challenges of the time: ideological aggression by neighboring nationalisms and historiographies, the denial of the existence of the Macedonian nation, the need to defend the right of existing as the separate nation and finally, the aspiration through manipulation of the myth of origin Macedonian national state to be put in function and service of one or another Balkan state and national policy. This paper focused on the developments in the first decades after the Second World War represents the first segment of a wider analysis on this historiographic tendencies.

### Keywords:

Macedonian people, Macedonian nation, ethnogenesis, historiography, Macedonia.

### Theme/s:

Macedonian history, Historiography, Identities.

Доц. д-р Стојко Стојков

# ИДЕНТИТЕТ, НАУКА И ПОЛИТИКА: ИДЕИТЕ ЗА ЕТНОГЕНЕЗА ВО МАКЕДОНСКАТА МЕДИЕВИСТИКА 1944 – 1991(I):

## *Развој на идеите за етногенезата од 1949 до 1970-те години*

The Development of the Conceptions of Ethnogenesis in the Period 1949-1970

Идејата за етногенезата на сопствената нација игра клучна улога при формирањето на националниот идентитет. Истата може успешно да ја извршува и улогата на мит за потеклото, и на инструмент за градење, рушење и заштита. Анализата на идеите за етногенеза ни дава информација за условите во кои идентитетот се развивал и предизвиците со кои се соочувала соодветната нација. А кога објект на анализа се идеите за етногенезата презентирани во науката, тогаш освен развојот научните идеи сме во состојба да проследиме факторите кои влијаеле врз соодветната национална историографија, и да ги преиспитаме мотивите кои биле водечки во неа при истражувањето на минатото.

Овој труд е насочен кон област која  не избегнала целосно од внимание во науката[1] но не е истражена самостојно - имено теориите за етногенеза на македонскиот народ во средниот век така како што се претставени во македонската медиевистика од

[1] Wayne S. Vucinich, Review: Istorija na Makedonskiot Narod. by Mihailo Apostolski; Istorija Makedonskog Naroda: Vol. 1: Od Praistorije do Kraja XVIII Veka, *Slavic Review*, Vol. 31, No. 2 (Jun., 1972), 497 – 499; Stefan Troebst, IMRO + 100 = FYROM? The politics of Macedonian historiography, *The New Macedonian Question*, ed. James Pettifer (Macmillan Press Ltd 1999), 60 - 78; P. Novaković, Use of past, ancestors and historical myths in the Yugoslav wars in 1990s. Archaeology and the changing identity in the former Yugoslavia, „*Portolano Adriatico*", III/3 (Volo Publiser srl., Firenze 2007), 47 - 64 ; Dimitar Bechev, *Historical Dictionary of the Republic of Macedonia*, Historical Dictionaries of Europe, No. 68 (The Scarecrow Press UK 2009); *О. Н. Исаева,* Македонский дискурс в современной историографии, *Славянский альманах*, 14 (Москва, 2010), 238 -247; Nade Proeva, Savremeni makedonski mit kao odgovor na nacionalne mitove suseda: albanski panilirizam, bugarski pantrakizam i grčki panhelenizam, *Zgodovinski časopis* 64 (Ljubljana, 2010), 176–219; Наде Проева, Националните митови во современа Европа и негирањето на македонскиот идентитет, *Slavia Meridionalis* 12 (Warszawa 2012), 107 - 158; Стојко Стојков, Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика, *70 години институт за историја - 70 години македонска историографија* (ИНИ Скопје 2017), 177 – 215,

создавањето на македонската република во Југославија до нејзиното претворање во независна држава и нивните корелации со политичките состојби и збиднувања. Задачата што си ја поставувам е да се проследи развојот на етногенетските сфаќања во историографијата и факторите кои влијаеле врз нив. Притоа настојувам да останам настрана од силно исполитизираната тема за идентитетот – целта не е да понудам моја верзија, ниту да се критикува една или друга концепција, туку истите да се истражат како појава, структура, развој, алтернативи, влијанија, мотиви.

***

Иако постоеле обиди да се напише историја на *Македонија* и на *Македонците* како *народ* и *татковина* уште од крајот на 19 в.[2] сепак до 1944 г. и не постоеле услови за создавање на македонски научни и дури национални институции на Балканот, поради политиката на целосно негирање на македонскиот идентитет од земјите што во 1913 г. ја поделија територијата на Македонија.[3] Симболички е фактот што двете први модерни истории на Македонија пред создавањето на Народна република Македонија во рамките на Југославија ќе бидат пишувани во бугарски затвор.[4] И сепак и наспроти прославувањето во 2016 г. на 70 години македонска историографија во Скопје, македонската историографија и првите македонски научни институции нема да бидат создадени во НР Македонија – туку во столицата на комунистичка Бугарија меѓу македонска емиграција, која поради својата многубројност во тоа време била нарекувана „четвртиот дел на Македонија“.[5] Тоа е период во кој бугарската држава ја признава македонската нација и дури е спремна на историски план да ја признае средновековната историја на склавинииите и на Самуиловото царство како историја на Македонските Словени.[6] Во февруари 1945 г. Македонскиот научен институт основан

---

[2] Ѓорѓија Пулевски ќе ја напише првата Историја на Македонија во Софија во 1892 г., која ќе биде издадена 111 години подоцна во Скопје (Ѓорѓија Пулевски, Славјанско-македонска општа историја (МАНУ, Скопје 2003).

[3] Сите обиди за создавање на такви институции или се случиле далеку од Балканот (Македонското другарство во Петроград во почетокот на XX в.), или биле илегални (како Македонскиот литературен кружок основан во Софија во 1938 г.).

[4] Васил Ивановски 1943 г. во затворот Идризово (Васил Ивановски, Борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот, *Историја на Македонија од антиката до АСНОМ*, книга прва, ред. Иван Катарџиев (МАНУ Скопје 2014) и Павел Шатев во затворот во Ќустендил во 1944 г. (Павел Шатев, *Историја на Македонија (Материјали)*, т. 1 (Скопје 2012), 23.

[5] Така ја нарекол претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто при своја посета на Софија во почетокот на 1945 г. Иван Катарџиев, *Македонската емиграција во Бугарија 1944 – 1950* (МАНУ Скопје 2008), 5.

[6] Пример за тоа претставува Наредба на Министерството на просветата на Бугарија од 22.11.1947 г., за промени во учебниците во основно образование, 1 – 19 и Наредба на Министерството на просветата на Бугарија од 22.11.1947 г., за промени во учебниците во основно образование (Васил Јотевски,

во 1924 г. од македонски автономисти[7] поминува во рацете на луѓе што ја подржуваат во една или друга форма македонската нација. Новото раководство е исполнето со „мечта... времено ... да ја извршуваме улогата на идната Македонска академија на науките и уметностите“.[8] На местото на старото списание „Македонски преглед“ од јули 1945 г. започнува да излегува „Македонска мисла“ кое постои до јули 1947 г. и е затворено 10 години пред создавањето на првото научно историско списание во НР Македонија. Во тоа списание објавуваат поранешни членови на Македонскиот литературен кружок, но и други и на неговите страници се изнесени серија ставови за македонската историја и идентитет.[9] Во рамки на овој институт во јануари 1947 г. се одржува мошне значајна дебата за македонската нација, во која се оформиле три основни правци. Едниот, поддржувал дека македонската нација се развила со појавата на капитализмот без претходно постоење на некаква (било каква) оформена народна основа; вториот се разликувал од првиот само по тоа што согледувал претходно

*Националната афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, 1944 – 1948* (ИНИ Скопје 1996), 125, 126), како статијата на Димитър Ангелов, Принос към народностните и поземлените отношение в Македония (Епирския деспотат) през първата четвърт на XIII в., *Известия на камарата на народната култура*, серия Хуманитарни науки, бр. 4 (София 1947).

[7] Институтот од 1924 г. ги изразувал идеите на автономистичката ВМРО и подржувал микс од пробугарски национални и македонски државни идеи. Иако на пробугарски позиции сепак институтот презентира идеи за државотворност и легитимност на Македонија и „македонскиот народ“ и право на автономија. Институтот појавува определен интерес спрема античка Македонија (види во првиот број на Македонски преглед Година I, 1924, № 1 статиите на Н. Мушмов, Кои са най-старите монети от Александра Велики?, 15—20 и Ив. Кацаров, Нови изследвания върху археологията на Македония, 21—25, а во број 3: Н.А Мушмов,. Монетите на Филипа II Македонски, *Македонски преглед*, г. I, 1924, № 3, 39—50). Во тој однос важен пример е трудот на еден од основачите: Иван Снегаров за Охридската архиепископия од 1924 г. Во предговорот авторот директно изјавува, дека својата сила борбена Македонија ја црпи „од своето долго-вековно минато, низ кое Македонија била самостојна културно-историска единица (величина). Слободољубивиот и напреден дух ѝ е вдахнат,... од нејзината автокефална црква – Охридската архиепископија“ (Ив. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, т. 1 (София 1995), 2), а во вториот том ќе тврди дека Охридската архиепископија е „историја на осум вековна .... сувереност на Македонија“, за преку таквата интерпретација да заклучи дека „Македонија има право и е способна за политичка самостојност“ (Ив. Снегаров, *История на Оридската архиепископия*, т. 2 (София 1995), VI). Меѓу основачите бил и подоцнежниот македонски министер Димитар Влахов.

[8] Катарџиев, *Македонската емиграција* ..., 233. Во своето обраќање од 7 март 1945 г. до НОФ на Македонија раководството на Институтот ги дефинира своите погледи кон историјата на Македонија како: „Македонија, духовно-географски, политички, стопански и национално е една неделива целина. Нејзиниот основен и постојан идеал за самоопределување, слобода, и самоуправување се определува од сите тие фактори на природата и на историјата ... Македонија е жив организам ... Географската целина и историскиот развиток ... создадоа една длабока вкоренета македонска национална свест...“ (231-232)

[9] Како пример за идеи застапувани во списанието може да послужи статијата на Д. Томчев, Македония и славянството, *Македонска мисъл* кн. 1-2, год. 1 (МНИ София 1945), 18 – 27. Во неа се разгледува Македонија како нешто специфично, но и кое го поврзува словенството. Постои македонски јазик од 9 в. на кој е создадено словенското писмо, „во својот историски развој Македонија преживеала векови на ропство“, кое меѓутоа не ја „скрши борбената волја на македонскиот народ“, Македонија прва се кренала против фанариотите, во духот на традициите на св. Кирил и Методиј и дејноста на нејзините книжевници во заштита на род и јазик била израз на духовните врски меѓу „македонскиот, бугарскиот и српскиот народ“, но за прв пат во историјата Македонија е слободна држава после 1944 г.

постоечки автохтони особини кои послужиле како основа за македонската нација (вие два правци би можеле да ги наречеме со општото име автохтонистички); третиот застапувал теза дека македонската нација се издвоила од бугарската нација некаде во периодот 1878 – 1944 г.[10] Иако во јуни 1947 г. бугарската влада решила истиот да го затвори сепак неговата богата библиотека (3000 научни монографии) е испратена во Скопје каде била распрсната меѓу неколку научни библиотеки, а послужила и за создавање на библиотеката на Институтот за национална историја во следната 1948 г. Тезите развиени во рамките на овој научен институт околу етногенезата на македонската нација после резолуцијата на Имформбиро против Југославија од 1948 г. ќе се најдат на политички спротивни страни во конфликтот - автохтонистичкиот правец ќе најде своја потпора и развој во Скопје, но ќе биде целосно потиснат во Софија каде во периодот 1949 – 1963 ќе се официјализираат идеите за издвојување на македонската нација од бугарскиот народ.

Реално резолуцијата на Информбирото против Југославија во 1948 г. ќе стави крај на развојот на македонската историска и национална мисла во Бугарија. Позициите по македонското прашање во Бугарија понатаму ќе бидат формирани во рамките на комунистичката партија и на база на политичката соодветност,[11] при што најсоодветни ќе бидат сметани до 1963 г. имено идеите дека македонската нација се издвоила од бугарската – теза што била во служба на идејата да се присоедини Македонија кон Бугарија во тој момент. Официјалната бугарска позиција ќе биде изменета во насока да ги смета Македонците до 1878 г. за Бугари, кои потоа еволуирале во посебна нација.[12] Датумот на тоа издвојување постепено ќе биде преместуван се понапред во времето, мотивиран од желбата да се порекне постоење македонско малцинство во Бугарија и на крај во 1963 г. ќе биде фиксиран како

[10] Изразител на првата линија е Симеон Касабов и изгледа Христо Кајалџиев. Втората линија е застапувана од Васил Ивановски, Михаил Сматракалев, Ангел Динев, Кирил Николов. Кон првите две групи треба да се додаде и Туше Влахов. Третата позиција е поддржувана на дебатата од Ангел Томов, Јордан Анастасов, Христо Ампов, а надвор од неа – Иван Хаџов (Катарџиев, *Македонската емиграција*, 257 – 380).

[11] Првата промена е направена меѓу 1950 и 3 јули 1951 г. врз база на реферат изготвен од комунистичкиот функционер Крстју Тричков „Појавата и развитокот на македонското революционерно движење, македонското прашање и македонската нација“ со забелешки на Асен Чаракчиев, Туше Влахов, Георги Деспотов и Коста Ламбрев, сите познати македонски национални дејци поврзани со ВМРО (о б) или Македонскиот литературен кружок, од кои само Туше Влахов е историчар (Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1950 – 1967) (София 2009), док. № 14, с. 39 – 66).

[12] Дино Косев, *Борбите на македонския народ за освобождение* (София 1952), 1 – 17

започнат „после 1944 г.“ процес, кој сеуште е во развој.[13] Последната промена исто била политички мотивирана: загубата на изгледите за присоединување на Македонија кон Бугарија комбинирана со опасноста да се изгуби Пиринска Македонија во корист на НР Македонија. Овие промени во Софија кои ескалирале во правец на сѐ позасилено негирање на македонската нација и идентитет создале една нова реалност во која се развиваат идеите за македонската етногенеза со засилено инволвирање на политиката. Историјата се претворила во национално и политичко прашање. Пред новата македонска историографија во Скопје тоа се исправило како сериозен предизвик и ќе ја принуди да заземе заштитна позиции во одбрана на самобитноста на македонската нација, прашање зад кое реално стоело политичката дилема за правото на постоење на македонската нација и држава.[14]

***Развој на македонската историографија***

Македонските научни историски институции започнуваат да се создаваат по формирањето на Народна република Македонија во 1944 г. Прва е создадена Катедра

[13] Новата промена започнува после 13.07.1957 г. кога е донесено решение да се изработи став на БКП за македонското прашање, што во вид на проект решение е завршено на 29.04.1958 г. Во процесот се вклучуваат Областниот комитет на БКП во Благоевград, Христо Калајџиев, Тодор Павлов, Димитар Ганев и Енчо Стајков (*Македонският въпрос*…, 190 – 218). Новото сега е дека не е вклучен ниту еден историчар и овој пат во дебатата се вклучуваат и луѓе кои не се Македонци (Ганев и Стајков) и токму тие имаат одлучна улога во градењето на новите позиции. На 16.11.1959 г. во Институтот за историја на БКП е создадена група за македонското прашање составена од 5 политичари и 4 научници. Сите текстови подготвени од групата можеле да се печатат „само со дозвола на секретаријатот на ЦК“ на БКП. (*Македонският въпрос,* 231 – 234). Процесот завршува по 1963 г. при што прераснува во војна против македонската историографија. Во „Протокол “А” № 128 на заседанието на политбиро на ЦК на БКП, одржано на 26.III.1968 г.,“, ЦДА, ф. 1Б, оп. 35, а.е. 127 , л. 4-5, 16-23, ќе бидат ангажирани сите научни и државни институции: „ Още през 1968 г. да се разгърне научноизследователска, издателска и друга дейност по въпросите на историческото минало, културата, бита, нравите, обичаите и пр. на българското население в Македония“, а на БАН се наредува „ да поеме инициативата за изработване на единно становище на българските историци, литературоведи и езиковеди по отношение на историята, културата и езика на Македония“(!), а се предвидени и серија други мерки за успешно водење на тотална научно-пропагандна војна за минатото на Македонија. Од 1970 г. Бугарија започнува да го вклучува и разузнавањето во започнатата војна за минатото, преку создавањето во рамките на службите на безбедност на Културно историско разузнавање со цел: „спроведување на активни акции за спротивставување на обидите за искривување на бугарската историја и култура“, „собирање на строго тајна информација за дејноста на научни, културни и историски институти, за архиви и библиотеки“ и сл. (види: Държавна сигурност и културно-историческото разузнаване (1970-1989), *Из архивите на ДС,* т. 15 (София 2014), 7, 8; Стойко Стойков, *Табу, време на страх и страдание, преследването на македонците в България по време на комунизма (1944 – 1989)* (Сандански 2014), 499 - 503; Стојков, *Планирање на минатото,* 193 - 195

[14] Според коментарот во однос на првата Историја на македонскиот народ објавена во 1969 г. од Wayne, Review, 498: „Unlike those nations whose identity and ethnic distinction are not questioned, the Macedonians feel compelled to prove that their separate nationality has its own ethnic, linguistic, and historical specifics. The fact that the Yugoslav government recognizes the Macedonians as a nation with its own national culture and that the Macedonians have ... their own socialist republic - their own political and ecclesiastical organization-is challenged by neighboring Bulgaria and Greece and by some Macedonians themselves.“

по Историја при Филозофскиот факултет на Универзитетот св. Кирил и Методиј во Скопје во 1946 г. Во 1948 г. е формиран Институтот за национална историја во Скопје, а во 1957 г. започнува да излегува првото историско списание - „Гласник на Институтот за национална историја". Во 1963 г. е поставен почетокот на списанието „Историја" на Сојузот на историчарите на СР Македонија, а во 1967 г. е формирана Македонската академија на науките и уметностите.[15] Во 1972 г. започнува да излегува списанието „Балканославика" заедничко издание на Центарот за истражување на Старословенската култура во Прилеп и Сојузот на археолошките друштва на Југославија, којшто Центар прераснува во Институт за старословенска култура - Прилеп на 15 јули 1979 година, својата работа ја започна 1 јули 1980 г., а „Балканославика" е претворен во негов гласник. Во рамките на институтот има и историско одделение. Во споредба со изградувањето на историските научни институции кај други балкански нации, овој процес во Македонија се развива релативно брзо.[16]

Во рамките на овие институции го започнува својот бавен развој и македонската медиевистика. Првиот македонски медиевист е Томо Томоски,[17] но првите дела посветени на средниот век се напишани од социолог како Драган Ташковски, автор на првата книга објавена од ИНИ,[18] кој, меѓу другото, се бавел и со прашања од средновековието, а ќе хабитира на историска тема дури во 1975 г.[19] Очигледната

[15] *Историја на македонскиот народ, кн. 1, од предисториско време до крајот на 18 в.* (Скопје 1969), 6 (понатаму ИМН 1969), Чавдар Маринов, *Македонското прашање од 1944 до денес, Комунизмот и национализмот на Балканот* (Скопје 2013), 123.

[16] Во Македонија од создавањето на првата историска институција до основањето на МАНУ поминале 21 години (1946 – 1967). Во Бугарија од првата научна институција - Бугарското книжевно друштво основано во Браила во 1869 г. до нејзиното претворање во Бугарска академија на науките (1911 г.) поминале 44 години (види James F. Clarke, Zlatarski and Bulgarian Historiography, *The Slavonic and East European Review*, Vol. 15, No. 44 (Jan., 1937), 438). Во Србија од основањето на Матица српска (1826) до создавањето на САНУ (1841) – 15 години. Во Хрватска од Матица Хрватска (1842) до создавањето во 1866 на Југословенската академија на знаењата и уметностите (ЈАЗУ) – 24 години.

[17] Дипломиран на Филозофскиот факултет во Љубљана во 1948 г., а хабитирал во 1958 г. на Филозофскито факултет во Скопје, каде работел како асистент (1949 – 1950), предавач (1950 – 1958), доцент (1958–1963), вонреден професор (1963–1970) и редовен професор (1970–1983): *Македонска енциклопедија*, т. 2 (МАНУ Скопје 2009), 1494. Сметан за основач на македонската медиевистика. Тој го создал еден од нејзините најзастапени правци, а имено истражувањето на регионалната и локалната историја во средниот век, правец силно застапен во македонската медиевистика во ново време (спореди: Коста Аџиевски, *Пелагонија во средниот век* (Скопје 1994); Милан Бошковски, *Скопје и скопската област од 6 до крајот на 14 век* (Скопје 2010); Ирена Стефоска, *Струмица и Струмичко во средновековието* (Скопје 2011); Бобан Петровски, *Средновековни населби и патишта во Полог* (Скопје 2015); Тони Филиповски, *Охрид во средниот век VI - XI*, докторска дисертација (УКИМ Скопје 2009).

[18] Драган Ташковски, *Богомилското движење* (Скопје 1949), со 75 стр.

[19] Ташковски дипломирал и магистрирал на Високата школа за политички науки во Белград, а одбранил дисертација на 12.IV 1975 во Скопје под наслов *Кон етногенезата на македонскиот народ* (*Македонска енциклопедија*, 2, 1472).

слабост на македонската медиевистика и немање кадри за предавање на средновековна историја на Скопскиот универзитет ќе биде причина во 1956 г. овде да биде повикан - Стјепан Антолјак од хрватската република, кој ќе остане во Скопје како професор до 1969 г., а потоа до 1975 г. ќе предава хонорарно. Од 1979 г. е член на МАНУ надвор од работниот состав.[20] Како негов наследник на Филозофскиот факултет во Скопје, ќе остане Бранко Панов.[21] Во 1968 г. во Филозофскиот факултет ќе започне кариерата на друг македонски медиевист – Христо Меловски.[22] Медиевистичкиот кадар во филозофскиот факултет во овој период се заокружува со Коста Аџиевски.[23] Во 80-те години се вклучуваат уште двајца автори. Првиот, Славко Димевски не е медиевист, туку црковен историчар посветен основно на преродбата, но напишал и неколку дела поврзани со средниот век.[24] Вториот Јован Белчовски е медиевист, кој во посоченото време ги прави своите први чекори.[25] Не сите посочени автори меѓутоа ќе изнесат свои ставови во врска со македонската етногенеза.

***

Македонската историографија се развива во услови на комунистичка политичка и идеолошка диктатура. Поради тоа за разлика од останатите балкански историографии дотогаш, во неа нема да ја видиме онаа типична позиција на националното примордијалистичко гледање на историјата според кое нациите се создале длабоко во минатото како вечни и основни единици на историскиот развој. Марксистичка идеологија, поддржува дека нацијата се развива во време на капитализмот и тоа ќе

[20] *Македонска енциклопедија*, т. 1 (МАНУ Скопје 2009), 71.

[21] Дипломирал и докторирал на филозофскиот факултет во Скопје, работел прво како асистент на С. Антолјак, а во периодот 1976 – 1997 предавал Историја на Византија и Историја на македонскиот народ – среден век на истиот факултет (*Македонска енциклопедија*, 2, 1113, 1114).

[22] Магистрирал во Скопје во 1966 г., а докторирал во универзитетот Мартин Лутер во Хале, во 1975, од истата година започнува да ги предава предметите: Историја на народите на Југославија – среден век и Помошно историски науки (за библиографските податоци должам благодарност на проф. Наде Проева; по неразбирливи причини овој квалитетен македонски медиевист не нашол место во Македонската енциклопедија на МАНУ).

[23] Магистрирал (1976 г.) и докторирал (1990 г.) на катедрата за византологија на Филозофскиот факултет во Белград, од 1978 г. предавал на Филозофскиот факултет во Скопје (*Македонска енциклопедија*, 1, 107).

[24] Славко Димевски бил свештеник, главен уредник на органот на МПЦ „Весник", а паралелно и историчар, вработен во ИНИ од 1957 г. Работел во областа на преродбата и црковната историја, а преку тоа и средниот век. Во популарен вид тој пишува за тоа уште во 60-те години на XX в.: *Црковна историја на македонскиот народ* (Скопје 1965); *Охридската архиепископија* (Скопје 1968), но во посериозна и научна форма во 80-те години: *Македонските општествено-културни текови во феудализмот* (Скопје 1981) и *Историја на Македонската православна црква* (Скопје 1989), (*Македонска енциклопедија*, 1, 462, 463).

[25] Магистрирал во Скопје во 1982 г., а докторирал во Загреб во 1993 г., професор на богословскиот факултет во Скопје. Се бавел со црковна историја во средниот век (*Македонска енциклопедија*, 1, 144).

биде позиција на македонската историографија: македонската нација се родила со развојот на капитализмот. Меѓутоа додека во овој аспект имало консензус поделба се јавила по прашањето за основата врз која се изградила нацијата. Таа на некој начин се јавува реплика на поделбата во Македонскиот научен институт само што овде дилемата ќе биде меѓу тоа дали и доколку населението во Македонија во средниот век претставувало оформен народ  или претставува едноставно словенско население со одредени мали свои специфики. Политичката врска меѓу претпоставувањето „немакедонска основа“ и државата во која се креираат тезите е очигледна – во Бугарија се претендира дека основата била *бугарска*,  а во Југославија – *словенска*. Сепак *словенската основа* како не-национална не ја загрозувала македонската нација на начинот на кој тоа го правела *бугарската основа*, затоа додека во Софија во 1947 г. македонските автохтонисти жестоко и се спротивставиле на тезата за „бугарската основа“, во Скопје таков отпор наспроти „словенската основа“ нема да има.

Така во периодот 1944 – 1963 г. три основни формули за потеклото на македонската нација постоеле паралелно – кои го дефинирале населението во Македонија пред создавањето на нацијата соодветно како Словени, Бугари, специфични (македонски) Словени. На ова етапа Сталиновата одредба за нацијата се сметала за доволна и вниманието било насочено кон докажување факторите кои ја создавале нацијата: територија, јазик, име и култура.

Во 1960-те Сталиновата теорија е ставена на ревизија и се создава дуалистичката теорија за етносот која реално го враќа на голема врата примордијализмот во историјата. Нациите стануваат само модерна етапа во развојот на „етносоцијални организми“ на кои природно се дели човештвото (племиња, етноси, народности или народи),[26] квалитетно различни од нацијата, но по принцип - исти. Тоа се совпаднало и со времето на целосно отфрлање постоењето на македонската нација во Бугарија и историографската војна започната од Софија против Македонија.

Следејќи ги можностите што ѝ стоеле на располагање во рамките на марксистичката идеологија и развивајќи се во услови на оспорен идентитет македонската историографија се движела меѓу можностите Македонците да постоеле како народ пред да се претворат во нација, или ако не – тогаш  дека не му припаѓале на народот-претходник на ниту една современа нација. На некој начин тоа ја одразувала

[26] Ю. В. Бромлей, *Этнос и этнография* (Наука Москва 1973).

основната македонска национална формула во двата нејзини аспекти. Првата верзија акцентирала на „ние сме Македонци", а другата на "ние не сме Грци, Бугари, ниту Срби". Сите понудени етногенетски формули за средниот век ќе се движат во посочената рамка.

***Прва официјална формула на етногенезата (Историја народа Југославије 1953)***

Во првите години на развој на македонската медиевистика сеуште не доаѓа до израз потребата од темелно разграничување наспроти Бугарија, поради немањето на фундаментално негирање од страна на Софија, а не се ниту чувствува специјална потреба од конструирање средновековна етногенеза. Тоа е јасно воочливо во првите трудови за богомилството на Драган Ташковски: Кон богомилското движење (1949), Богомилството и неговото историско значење (1951), во кои ги немало интерпретациите за богомилството како македонско народно движење на отпорот против бугарската власт и како етногенетски фактор, што ќе ги најдеме подоцна.[27]

За прв пат во официјална верзија македонската етногенеза во средниот век се појавува како дел од поширокaта Историја на народите на Југославија. Пишувана е во периодот 1949 – 1952 во времето по резолуцијата на Информбирото од 1948 г., а истовремено и непосредно после крајот на Граѓанската војна во Грција со сите нејзини последици за Македонците.

Автори на политичкиот дел од македонската историја во неа биле Томо Томоски, Љубен Лапе и Драган Ташковски во соработка (или поточно под туторството) на Бого Графенауер, а на културниот – Димче Коцо и Харалампие Полењаковиќ. Таа е презентирана во хрватска и српска верзии, при што кириличната изгледа „помакедонска", веројатно затоа што била предвидена за дистрибуирање во Македонија.[28]

[27] За жал не успеав да ги најдам оригиналните дела и горната констатација ја базирам врз издадената во 1971 г. книга Богомилството на Ташковски. Во нејзиниот вовед е посочено дека истата се јавува дополнение на овие два труда при што се посочува и кои се новите делови – а тие се имено оние во кои богомилството се разгледува како етногенетски фактор и продукт на македонската етничка различност: Драган Ташковски, *Богомилското движење* (Скопје 1970), 7. Исто така за жал ми беше недостапна и Самоиловото царство издадена во 1951.

[28] *Historija naroda Jugoslavije*, t. 1, ed. Bogo Grafenauer (Zagreb 1953) (понатаму *ИНЈ Загреб*); *Историја народа Југославие* , т. 1 ред. Бого Графенауер (Београд 1953) (понатаму *ИНЈ Београд*)

Поимот Македонија во целата книга се разбира и користи во смисла на ВМРО-вска Македонија, нешто што е специјално и географски објаснето во хрватското издание.[29] Така што без разлика на акцептирањето во насловот на тоа дека е во прашање историја на народ, сепак во суштина се визира историјата на територија – се опишува историјата во неа дури и во времето за кое не се претендира дека постои посебен народ, а и населението е дефинирано преку неа: македонски Словени. Особено се инсистира на „цела Македонија (без Солун)“ – оваа фраза е употребена за населувањето на Словените, за епископијата на св. Климент, за опфатот на востанието на комитопулите и за опфатот на нивната држава[30] што поново ја потцртува важноста на територијата. За појдовна точка е одбрано имено времето кога двата основни компоненти – „Словени“ и „Македонија“ се среќаваат, додека на античките жители на Македонија е посветено многу малку внимание и тие се одредени како луѓе од илирско потекло, со јазик кој е преоден меѓу илирски и тракиски, и кои со тек на времето биле елинизирани, додека можноста да опстанале во нероманизиран вид до доаѓањето на Словените е поставена под сомнение.[31] Тоа претставува сериозно отстапување дури и во споредба со позициите презентирани во МНИ по 1924 г., што може да се објасни со желбата да се обврзе посилно македонската етногенеза со таа на останатите југословенски нации – преку словенството и илиризмот. За разлика од тоа посебно внимание е посветена на историјата на Македонија од VI в. со населувањето на Словените и понатаму. Всушност претходниот дел се јавува поскоро како предисторија. Односот на Словените со старото илирско романизирано или елинизирано население е предаден на следниот начин: при населувањето останале доста староседелци и овој елемент силно влијаел на понатамошниот развој на Словените. Словените меѓутоа го зеле своето етничко име не од нив туку од името на територијата Македонија „многу подоцна“.[32]

Така се оформува клучниот за оваа историја термин *македонски Словени*, кои во Македонија создале свои општествени формации: *македонски склавинии*, при што и

[29] „ова име се употребува овде за подрачјето од Шар планина и албанските планини до Родопите и од Рила и Осогово до реката Бистрица, каде во средниот век живееле македонските Словени, иако од крајот на 7 до 13 в. да се користел за византиската тема Македонија меѓу Струма и Марица“ (*ИНЈ Загреб,* 279, бел. 1). Во кириличното белградско издание оваа белешка е изоставена, можеби зашто се сметало дека за Македонците и Србите содржината на поимот се подразбира (ИНЈ Београд, 261).

[30] *ИНЈ Београд,* 261, 270, 276, 278; *ИНЈ Загреб,* 279, 296, 297

[31] *ИНЈ Загреб,* 21, 98 (автори на овие делови се: Бого Графенауер, Јосип Клеманц, Ф. Гестрин и Душан Перовиќ).

[32] *ИНЈ Загреб,* 279, 280.

двете категории се сфатени како нешто специфично по принцип. „Македонските Словени“ имале свој независен живот во тек на два и пол векови, а притоа покажувале тежнеење кон државност и независност спречувани од околностите и некои соседи.[33] Главен непријател на *Македонските Словени* се јавувала Византија, во што освен традиционалниот словенофилски антивизантизам овде може да се слушне и ехото од граѓанската војна во Грција и егзодусот на Македонците од таму. Бугарија се јавува втор средновековен непријател на *македонските склавинии*, но не толку доследен како Византија: има и случаи во кои Бугарите се покажани како помагачи на Словените во Македонија.[34]

Клучна теза е дека падот на *македонските склавинии* не значи и нивно исчезнување. Кога македонските Склавинии влегле во составот на бугарската држава „сепак не се прекинал нивниот внатрешен развој“.[35]

Дополнителен мост меѓу падот на Склавиниите и создавањето на Самуиловото царство е фрлен преку делото на св. Климент. Во Македонија работата на св. Климент и Наум довела до сузбивање на византиското влијание. Преку организирањето на својата епископија Климент всушност станал организатор на македонската словенска црква со хиерархија која потекнувала од средините на *македонските Словени*. [36] Благодарение на Климент тие знатно напреднале во споредба со останатите поданици на Борисовата држава. Климент создал „прва македонска книжевна генерација“ и дури „македонско-словенска патријаршија“[37] или во секој случај „организирајќи ја својата епископија, Климент всушност станал организатор на македонската словенска црква со хиерархија која потекнувала од средините на Македонските Словени“.[38] Климент и Наум ја имаат „заслуга што јазикот на Македонските Словени е воведен не само во

[33] Македонските Словени создале овде свои склавинии и пројавувале стремеж да го освојат Солун; ако успееле да го направат тоа тие не само би ја заокружиле својата територија, но и би го зацврстиле својот племенски сојуз и ќе го забрзале неговото прераснување во повисока и тоа државна формација. Таков сојуз постоеле во средината на VII в. во времето на Првуд, и бил разбиен дури со походот на Јустинијан II (*ИНЈ Загреб*, 284). Обид за создавање држава бил извршен откако и  Сермесијанците (мешавина меѓу Словени, Бугари и голем број староседелци), начело со Кувер, дошле во Македонија, каде Кувер посакал да стане кнез и каган, и заедно со останатите словенски племиња во Солунско да го освои Солун, но во тоа не успеал (*ИНЈ Загреб*, 281, 282, 283).

[34] *ИНЈ Загреб*, 286, 287

[35] *ИНЈ Загреб*, 287. Иако биле поставувани бугарски Комити, на некои места се потврдувани и понатаму словенски кнезови бирани од племињата..

[36] *ИНЈ Загреб*,, 289, 290, спореди  во *ИНЈ Београд*, 271: „македонска словенска црква со хиерархија, која се потпирала на македонските Словени“.

[37] Овие термини ги користат соодветно Харалампие Поленаковиќ и Димче Коцо (*ИНЈ Загреб*, 314, 316; *ИНЈ Београд*, 294, 295).

[38] Љубен Лапе, *ИНЈ Београд*, 271

книжевноста, но и во црквата.“ На таков начин се создале во бугарската држава два културни центри – едниот во бугарската престолнина, а другиот во Македонија.[39]

Царството на Самуил е родено преку востание на една поранешна склавинија: Брсјачката област (сфатена како самоуправна единица) против Византија и според тоа се јавува развој на државотворните тенденции на *македонските Словени* и продолжение на *македонските склавинии*. Се посочува дека Самуиловото царство и поданиците се викан во изворите *бугарски*, поради потпирањето на Самуил на државноправните и црковни традиции на бугарското царство. Но од гледна точка на процесите на историски развој и развој на народите, таа држава покажувала битни разлики со бугарското царство.[40] По нејзиниот пад името на темата Бугарија „не ја одразува етничката структура на покраината, туку византиското државно-правно гледиште.“[41]

Многу зборува и терминологијата користена во трудот при што се забележуваат одредени терминолошки (и не само) разлики меѓу двете изданија – латиничното во Загреб и кириличното во Белград. Тоа е особено јасно во основниот термин. Во латиничното се употребува „македонски Словени“, при што малата буква на „македонски“ насочува на географска употреба. Во кириличното издание доследно се употребува „Македонски Словени“, разбиран во потцртано не-географска смисла.[42] За разлика од тоа двете верзии се согласуваат дека „македонските Склавинии“ е правилно да се пишуваат со мала буква. За јазикот на кој преведувале и пишувале св. Кирил, Методиј, Климент и Наум доследно се употребува „јазик на Македонските Словени“.[43] Самуиловото царство е „македонска држава“ како што се посочува и во насловот,[44] но неговите жители не се наречени Македонци. После падот на тоа царство се употребува нов поим „Македонци“, но така и не се употребува термин „македонски народ“. За XI – XII в. се употребува исто и *Македонски Словени* и само *Словени*.[45] После XII в.

---

[39] Љубен Лапе, *ИНЈ Београд*, 270.

[40] Оваа држава независно од името израснала и се потпирала на ново седиште во широка смисла на зборот и вовлекла во политичка активност нови народни сили, кои биле нејзин основен двигател и потпора од почетокот до крајот (*ИНЈ Загреб*, 300, 301)

[41] *ИНЈ Загреб*, 301; *ИНЈ Београд*, 282

[42] Тоа се гледа од случаите кога се зборува за други Словени како „пелопонеските Словени“, или во единствениот случај кога е употребена мала буква за Словените во Македонија, а тоа е кога се дадени во комбинација со други: „македонски и тесалски Словени“ (*ИНЈ Београд*, 266).

[43] *ИНЈ загреб*, 288, 289; *ИНЈ Београд*, 269, 270

[44] *ИНЈ Загреб*, 295, 296.

[45] Востанијата во XI в. се наречени „востанија на македонските Словени“ (*ИНЈ Загреб*, 301; *ИНЈ Београд*, 282). Востанието на Војтех е направено од „Македонците“ (*ИНЈ Загреб*, 305; *ИНЈ Београд*, 285, но потоа востанието е определено како „обид на Македонските Словени да се ослободат“ (исто), а пак

воопшто се избегнува давање карактеристика на населението, не се употребуваат поимите *Македонци* или *македонски Словени*, а само ретко – *Словени*.[46]

Во Белградското издание е додадена реченицата: „Климент бил поставен за епископ на Величката епископија, која опфаќала скоро цела Македонија“,[47] но пак е испуштено тврдењето во Загрепското издание дека Бугарите се покажуваат и како помагачи на Словените во Македонија против Византија.[48]

Како цело не може да се види јасно застапување на тезата дека во средниот век постоел македонски народ – за создавање на народ воопшто и не се зборува. Населението во Македонија во средниот век се третира како нешто различно од останатите народи, но не се поставува во опозиција против нив и не се претставува како оформен народ. Овие тези не се далеку од развиените од автохтонистите во МНИ неколку години порано.

Извршените воени злосторства, државниот товар и ограбување, социјалното раслојување и неправда се интерпретираат како последица од развојот на феудализмот, а не се акт на туѓо државно потисништво, од што јасно се гледа дека марксизмот доминира наспроти национализмот во интерпретациите на минатото. Имено феудализмот и класното раслојување довеле до појава на богомилството, а не политиката на бугарската држава, зашто овие процеси започнале уште во време на *македонските Склавинии*. Така ниту евентуалното потисништво, а ниту отпорот против него се искористени за градење на етногенетски мит. Сепак тоа гледиште не е спроведено до крај: *својата држава* се гледа далеку попозитивно отколку *другите* и се разбира како „своја“ и „народна“, а *тугите* интервенции и власт се јавуваат нарушители на природниот и правилен развој на *Македонските Словени* (а во случајот со Византија и асимилатори). Иста двоинственост се гледа и во однос на христијанството и црквата, кои се сфатени скоро исцело негативно како инструмент за наметнување на туѓа власт и идеолошко оправдување на феудализмот[49] (поради што паганизмот и богомилството се интерпретирани позитивно), меѓутоа не и кога е во прашање *својата* црква, а тоа се гледа од начинот на кој е толкувано и именувано

„Македонци“ се појавуваат во побуната на Никифор Василаки во 1078 (исто), но пак во крајот на 11 в. робовите продваани во Солун се „Словени“ (*ИНЈ Београд*, 292

[46] На пример во времето на Стрез: *ИНЈ Београд*, 344

[47] *ИНЈ Београд*, 270.

[48] *ИНЈ Загреб*, 286, 287. Спореди *ИНЈ Београд*, 268, каде зборовите за помошта се испуштени.

[49] *ИМН Београд*, 267, 268

делото на св. Климент: *народно*.[50] Поради истите причини поимотните слоеви кај *Македонските Словени* се дадени како колаборационисти на туѓата власт.[51]

Основните тенденции во македонскиот дел на оваа историја се да се утврди македонското право на држава и идентитет, и да се изврши разграничување наспроти Грција (сфатена како главен непријател)[52] и во помала степен и наспроти идејно блиската комунистичка Бугарија. На влошените односи со последната се гледало како на привремена положба, поради што интерпретациите во оваа историја спрема неа се внимателни да не ја затворат вратата за иден соживот.[53]

Така е воспоставена првата официјална шема на македонската етногенеза, која постулирала постоење на природна автономност и стремеж кон државност на Словените во Македонија кои макар и да не успеале целосно да се реализираат во средниот век, по прераснување во нација (во времето на преродбата и навлегувањето на капиталистичките односи) се реализирале во рамките на Југословенската федерација. На таков начин Југославија е претставена како остварувале на вековните стремежи на Словените во Македонија.

### *Заострување односите со Бугарија по национална линија (1958 – 1963) и идеите за етногенеза на Драган Ташковски*

Од 1958 г. политиката на Софија спрема македонската нација започнува брзо да се менува во правец на сѐ позасилено негирање. Тоа природно предизвикало интелектуален одговор во правец на посилна заштита на македонската самобитност.

---

[50] Работата на Климент имала пред се „длабоко народен и прогресивен карактер"., затоа што се врши на „јазикот на Македонските Словени" и свештениците се „Македонски Словени" и преку него „јазикот на Македонските Словени" се воведува не само во црквата но и во книжевноста (*ИНЈ Београд*, 269 – 271)

[51] *ИНЈ Београд*, 269.

[52] Спореди следните ставови: Грцизација на феудалната класа по 1018 г.., а на црквата со поставувањето на архиепископот Леон во 1037 г. (*ИНЈ Загреб*, 302, 303; *ИНЈ Београд*, 283), и постепена заземање на сите епископски катедри од Грци, води кон ширење грчко влијание преку црквата што зема замав во крајот на XI в. под Теофилакт Охридски, кога преку преработката на словенските текстови на грчки е потиснуван успешно книжевниот труд на „словенското македонско свештенство" (*ИНЈ Загреб*, 307, 308; *ИНЈ Београд*, 287, 288).

[53] Словенската азбука се појавува во врска со подготовките на мисионерската работа меѓу Бугарите и таа е „прва книжевност на јазикот на македонските Словени" (*ИНЈ Загреб*, 288). На богомилското движење не се даваат етноформирачки или државоформирачки функции – тоа е антифеудално, а не антибугарско (*ИНЈ Загреб*, 291 – 294), Самуиловото царство не се раѓа во востанието од 969 г. (кое макар да е насочено против централната власт на Бугарија, за неговиот карактер и резултат *ништо не се знае* – 295), туку во востанието против Византија во 976 г., а богомилите немаат врска со него (294).

Јасно тоа се забележува во идеите пласирани во книгата на Драган Ташковски „Самуиловото царство“ издадена во 1961 г..[54]

Според предговорот таа е напишана со основна цел да даде приказ на историјата на таа држава, која е „родена во борбата против Бугарите“. Но поради „искривувањата“ направени од некои бугарски и западни автори, кои „оваа државна творба на македонскиот народ“ ја нарекле бугарска, авторот си ги поставил дополнителните задачи: да се определи „етничко-културниот склоп на македонските Словени... по кои единствено може да се прецизира потеклото и народниот карактер на оваа средновековна држава“; против кого било кренато востанието на комитопулите и „како Самуил ја узурпирал бугарската царска круна“ (с. 5).

Поради таквиот приод историјата на Самуиловото царство, а реално и историјата на *македонскиот народ* е започната со населувањето на Словените во Македонија[55] и особено со создавањето на „Склавинија“ во почетокот на 7 в.[56] Факторите за создавањето на македонскиот народ според авторот биле неколку. Опасноста од Византија која за Словените во Македонија била најсилна ги принудила истите да ја надминат планинската расцепканост на земјата и да се сојузат во единствен сојуз – „Склавинија“ (20). Овој сојуз бил „значајна творба на македонскиот народ“, постоел 60 години, „почнал да прераснува во држава на македонските Словени“ и се афирмирал не само како политичка, туку и како етничка целина (22, бел. 1), која ги опфатила племињата во „цела Македонија, па дури и Епир и Тесалија“ (26). Освен воената загрозеност од Византија причина за брзата еволуција на „Склавинија“ била и блискоста до империјата и влијанието на нејзините институции (25). Трет елемент се јавуваат „домородците“, кои тој ги дефинира како „илирско-тракиски остатоци“ помалобројни од античките „остатоци“ во Грција, но помногубројни од оние во Бугарија и Србија (25). Нивната асимилација од страна на словенските племиња „со својот интензитет ги положуваа темелите на новата етничка легура, новата народност - Македонци“ (20, 21). Сепак „името Македонец не било обележје за македонските Словени во првите векови“, но постепено мешањето со домородците кои често самите се викале Македонци довело до тоа и Словените самите да започнат да се нарекуваат така, а исто да бидат нарекувани и од страна на одделни средновековни патеписци (21,

[54] Драган Ташковски, *Самуиловото царство* (Скопје 1961).

[55] Македонија е опишана уште во првата реченица на трудот во зацртаните од ВМОРО граници (Ташковски, *Самуиловото царство*, 7).

[56] „Со „Склавинија започнува историјата на македонскиот народ“ “ (Истиот, 27).

бел. 8). Овде името „Македонци“ веќе се зема директно од староседелците, а не од територијата.

Имено „Склавинија“ во 7 в., макар и не под македонско име, ќе одигра клучна улога во етногенетскиот процес зашто „македонските Словени низ неа започнаа да се зближуваат и чувствуваат како нова етничка целина ... и да се одделуваат од другата недиференцирана словенска маса на Балканот“ (26, 27). Таа за разлика од останатите словенски сојузи била од траен карактер и во неа во тек на 60 години, макар и да не била надмината поделбата на племињата сепак се вршел „процес за прераснување на племенската заедница во повисока општествена заедница – народ“ (27), кој нашол израз во општото име „Склавинии“ кое се зачувало и по пропаста на сојузот. Меѓутоа процесот на прераснување во држава и народ бил насилно прекинат од Византија во крајот на VII в., која понатаму преку колонизација неуспешно се трудела да ја „разбие компактноста на македонските Словени“.[57] Сепак успеала да ги принуди „да се вратат во своите постабилни заедници – племиња“, без да го губат чувството на солидарност. Византија и покрај сите напори не успеала нив да ги потчини целосно и тие ја чувале својата внатрешна самостојност. Борбите против Византија само го засилиле чувството на општ интерес (36-39). Создадената заедница се сочувала и настапувала како целина и понатаму – во X и XI в., а го зачувала тоа чувство и до XIX в.[58]

Постепено македонските Словени попримиле нешто од византиската култура што станало причина Бугарите – *расно, јазично и културно различни* да им изгледаат уште погруби и од “Грците“ (44). Сепак останати без обединиувачката сила на *Склавинија* и поради зафатеност на Византија на исток Бугарите успеале во средината на IX в. да освојат поголем дел од Македонија, при што дел од старите кнезови биле претворени во провинциски управници – комеси. Бугарската власт не била заинтересирана за вршење асимилација и не вршела местење на население, а затоа и не дошло до некое мешање меѓу *македонските Словени* и *Бугарите*. Така *македонските Словени* и под бугарското владеење „останале компактни и етнички чисти“. Бугарската власт се јавува не ослободување туку „ропство“. Бугарите барале покорност, а за постигнување на последното се служеле и со црквата (51 – 53). Отпорот на

[57] Квалитетот „компактност“ на македонските Словени и стремежот за нејзиното „разбивање“ од Византија и донекаде Бугарија се претвора во клише што го наоѓаме во скоро сите трудови кои ја засегаат етногенезата во истражуваниот период.

[58] Авторот во случајот ги цитира востанието во Бугарија во 930 г. (кое погрешно го лоцира во Македонија), востанието на Комитопулите во 969 г. како и востанијата во 1040, 1066, 1072 г. (Истиот, 28., бел. 6)

македонските Словени се изразил во востанија и во создавањето на богомилството, „згодна форма преку која да се борат ... против Бугарите"; богомилството е не само антифеудално, туку и ослободително антибугарско движење родено во Македонија, кое што го забрзало процесот на ослободување на Македонија, а што било реализирано преку востанието на Комитопулите и создавањето на Самуиловото царство, во што учество зеле и богомилите.[59] Макар и викано бугарско (поради земањето на бугарската круна) тоа било македонско царство.

Поради немањето своја држава со посебно име во средниот век, Македонците нема да бидат видливи и „остро обележани", како Србите, Бугарите и Грците и „како безимено робје се губеа во темната поворка на историјата". Но независно од тоа „тие за себе претставуваа посебна народна целина" и успеале да се зачуваат како таква и на крај и покрај „илјадагодишното ропство" во XIX в. „излегоа од својата притаеност на белиот свет и тоа како Македонци". Низ целиот среден век тие се зачувале како „етничка целина со свој општ јазик, вера, обичаи и историска судбина", која во себе ги содржела „единството на јазикот, територијата, културниот живот, економската поврзаност" (јасно повикување на Сталиновата формула за нацијата) и така во 19 в. „од 'недовршен' и 'неизграден' народ прерасна во македонска нација".[60]

Македонците стануваат дел од потиснатите во класното минато народни маси, кои се ослободуваат и се реализираат себе си во комунизмот.

Во таа верзија се посочени три негативни за македонската етногенеза фактори. Првиот е Бугарија која за прв пат ја испреварува Византија[61] и ѝ отстапува само хронолошки. Овде Византија ќе заземе второ место како негативен фактор и во политичка и во институционална па и во духовна смисла.[62] Авторот реално ги користи сите можности за да го потцрта незадоволството на македонските Словени од бугарската власт.[63] Македонските Словени во 773 г. го преживеале „првиот страв" од неа, паѓањето на Македонија под бугарска власт е окарактеризирано како

[59] Истиот, 54, 62, 63, 66
[60] Истиот, 21, бел. 8
[61] Истиот, 44, 46
[62] Карактерно е што Ташковски ќе го одреди Солун како „чир на здравото словенско тело" (Истиот, 25). Христијанството пак е разбрано како начин на зацврстување на грчкото културно и политичко влијание и како такво не било примено со задоволство од македонските Словени, кои го сметале за туѓо па дури и спротивно на нивниот стремеж кон живот, и замка за подјармување (44, бел. 1).
[63] Авторот им дава свое толкување на поимите во писмото на Роман Лакапин до Симеон при што „Запад" го разбира како „Македонија", а поробените од Симеон „Ромеи" како „македонски Словени" (Истиот, 57, бел. 2).

поробување,[64] а бугарското владеење се карактеризира како експлоатација, осиромашување, закрепостување, криза и грубост.[65] Третиот фактор е христијанството и црквата – дадени во исклучително негативна улога, па дури и на делото на св. Климент и Наум не е обратено внимание.[66] Тие се интерпретирани како штетни не само од национална гледна точка: сите придонесуваат најмногу за феудализацијата и класното потисништво.

### *Сфаќањата за македонската етногенеза во времето на бугарската идентитетска офанзива (1963 – 1991)*

Еволуцијата во позициите во Софија од делумно признавање кон целосно негирање на македонската нација и идентитет завршиле со решение на тајниот пленум на ЦК на БКП од март 1963, а потоа ескалирале до 1968 г. [67] во отворена и тотална идентитетска „научна" војна,[68] ќе имаат силен одек во Македонија. Не може да бидеме сигурни колку таа негаторска офанзива директно влијаела на создавањето на клучна научно-национална институција како Македонската академија на науките и уметностите во 1968 г., но истата очигледно потикнала излегувањето на серија научни трудови во кои одбраната на идентитетот и аргументирањето и исчистувањето на етногенетските формули имало важно место.[69]

### *Научната средба во Охрид 1969 г.*

Во екот на бугарската офанзива против македонската нација и идентитет – во 1969 г. во Охрид во организација на МАНУ се одржала меѓународна научна средба по повод 1000 години од востанието на Комитопулите, а на која биле дискутирани и прашањата за етногенезата на македонскиот народ.

---

[64] Станува збор за походот на Телериг во 773 г. (Истиот, 46) и походот на кваханот Исбул во Источна Македонија во 837 (47) и подоцна (53)

[65] Истиот, 56 – 58.

[66] На св. Климент и Наум е посветена само една фуснота, во која се кажува дека Климент добил титула Архиепископ на Велика, односно на Вардар (Истиот, 47, бел. 3), додека црквата е критикувана на повеќе места (спореди с. 59 – 61).

[67] Види ги решенијата за македонското прашање донесени на таен пленум на ЦК на БКП одржан на 11 – 12 март 1963 г., (*Македонският въпрос в българо-югославските отношения* (1950 – 1967), (София 2009), 258 - 263) и „Протокол "А" № 128 на заседанието на политбиро на ЦК на БКП, одржано на 26. III. 1968 г.", ЦДА, ф. 1Б, оп. 35, а.е. 127 , л. 4-5, 16-23.

[68] Victor Roudometof *Collective Memory, National Identity, and Ethnic Conflict, Greece, Bulgaria, and the Macedonian Question* (Praeger Publishers 2002), 66, 67.

[69] На пример: Марија Јовановиќ, Востанијата на македонскиот народ во XI век (Скопје 1963); Славко Димевски, *Црковна историја* (Скопје 1965); Драган Ташковски, *Раѓањето на Македонската нација* (Скопје 1967); *Историја на Македонскиот народ* (Скопје 1969) (понатаму *ИМН* 1969) и сл.

На овој собир Ташковски ќе ги дополни своите сфаќања од *Самуиловото царство* и ќе им даде специјално значење освен на *богомилството* уште и на *глаголаштвото*во во Македонија како етно-разграничувачки фактори. Бидејќи бугарската култура се ширела преку кирилицата таа „запираше до границите на Македонија“ каде св. Климент и неговите ученици ја наложиле глаголицата, и така „двата етноса“ останувале издвоени. Уште повеќе *предавството* спрема словенското дело извршено со воведувањето на кирилицата во Бугарија, довело до тоа св. Климентовите ученици преку *глаголаштвото* да всадуваат омраза против Преслав. Бидејќи бугарската власт ги загрозувала племенските традиции на склавиниите во Македонија, „македонско-словенскиот етнос“, кај кого не постоела изразита класна разлика, се јавувал потисната класа наспроти потисничката класа во лицето на бугарските болјари и цар па затоа класната борба добила антибугарски карактер и легнала во основата прво на *богомилството*, а потоа заедно со него во создавањето на Самуиловото царство.[70] Така и „класната борба“ е вклучена во етногенезата како етно-разграничувачки и етно-формирачки фактор.

На оваа средба се водела и дискусија за правилната етничка терминологија во врска со рефератот на академик Радојчиќ. Во неа А. Стојановски поддржува дека е по правилно да се употребува поимот *Македонски Словени* за средниот век, а *Македонци* и *македонски народ* дури за преродбата. (Карактерно е што редакцијата на зборникот нашла за неопходно специјално да се огради за овој начин на употребата на *Македонски Словени*). Б. Панов изразил став дека *Македонски Словени* е правилно да се употребува до создавањето на Самуиловата држава, а потоа – *Македонци* и *македонски народ*. Н. Сотировски укажал на значењето на истражувањето на поимот *Бугари* и дека истиот е државно правен поим, додека *Македонските Словени* не биле опфатени од бугарската етногенеза.[71]

### *Првата Историја на македонскиот народ (1969)*

Првата официјална и самостојна Историја на македонскиот народ (ИМН) излегува во три тома во 1969 г. Тоа е дел од општ напор за создавање на посебни

[70] Драган Ташковски, Глаголаштвото и богомилството во Македонија како претходница на востанието од 969 г., во *Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, (понатаму: *1000 години*) (ИНИ Скопје 1971), 225 – 228.
[71] *1000 години*, 272 -274.

истории на народите што ја сочинуваат Југославија, задача која поради особените услови во кои се наоѓала најбрзо била завршена во Македонија за што допринел негаторскиот притисок од нејзините соседи.[72] Таа е дочекана на нож во Бугарија и Грција,[73] но добива релативно позитивна оценка на Запад.[74] Етногенетските ставови во неа се формулирани од Душица Петрушевска (антика), Степан Антолјак и Бранко Панов (среден век).

Макар од насловот да се гледа дека е тоа *историја на народот*, во суштината се јавува пак историја на Македонија, во границите зацртани од ВМРО,[75] која како таква се презентира од праисторијата до модерно време.[76] Таквата Македонија се јавува татковина на македонскиот народ (во потенција, во процес на создавање, постоење или трансформација). На некој начин Македонија е разбрана како природна единица и етноформирачки фактор: Словените со самото свое населување во Македонија стануваат *Македонски Словени*.

Етногенетските претстави презентирани во неа претставуваат надградување на оние во Историја народа Југославие (ИНЈ). Овде ќе бидат посочени само основните разлики:

1. На антиката е обратено повеќе внимание, иако прилично скромно: 19 страници на предримскиот период, малку повеќе отколку на праисторијата - 15, додека средниот век е застапен со 167 страници. Новото во споредба со ИНЈ е што античките Македонци се дадени како посебна народност, со свој јазик,[77] одговор на настојувањето на бугарската историографија да постави „бугарска основа“ во македонското минато во сите периоди, вклучително и во антиката преку пантракиската теорија.

---

[72] Wayne, Review, 497: „The Macedonian historians, in collaboration with a number of other Yugoslav historians, are the first among the Yugoslavs to complete a comprehensive three- volume history of their people. This reflects a greater urgency for the Macedonians to produce a survey of national history than for other Yugoslav nationalities who already have a rich historiography.“

[73] Драган Ташковски, *Кон етногенезата на македонскиот народ* (Скопје 1974), 6.

[74] Wayne, Review, 498, 499 „despite the defects to which we have alluded, these volumes represent a step forward in the rapidly expanding Macedonian historiography.“

[75] Границите на Македонија се посочени уште во првиот пасус на Историјата во делот за праисторијата и тие се совпаѓаат со границите на националната татковина и посакувана држава на Македонците какви што се претставувани од времето на ТМОРО / ВМРО до денес (Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, с. 9 (понатаму ИМН 1969).

[76] Тоа е поставено уште во насловот на првиот том: „Историја на македонскиот народ, кн. 1, Од предисториско време до крајот на 18 в.“

[77] *ИМН 1969*, 33.

2. Словените во Македонија нашле „староседелци“, кои биле различни од „*грчкото население ... покрај морето“*, но не се кажува јасно каква е етничка припадност на овие староседелци. Сепак се разбира дека после Александар и до доаѓањето на Словените „етничкиот состав“ на населението во Македонија еволуирал при што на првичните Македонци (делумно елинизирани со времето), се додале и римски колонисти, а имало и Тракијци, Илири и варварски племиња (53, 54). Така сепак Словените нашле нешто поразлично од романизираните *Илиро-Тракијци* на Историја народа Југославије

3. „Мешањето“ и потоа претопувањето на *староседелците* со Словените се извршило во рамките на *склавиниите*, кои понатаму се јавуваат основна историска, но и етногенетска структура (90). Ова мешање имало „доста важно значење за понатамошниот општествено економски развој на Македонските Словени“ особено во областа на економијата и културата (79, 80).

4. Кувер и Сермесијанците, спомнати во ИНЈ овде се целосно елиминирани, веројатно како реакција на нивното инструментиализрање во бугарската медиевистика за вклучување на Македонија во бугарската етногенеза.

5. Македонците се создале како оформен посебен народ во раниот среден век и во врска со тоа наоѓаме поими како „македонски народ“, „старомакедонски јазик“, „старомакедонска книжевност“ и „старомакедонски период“ во развојот на старословенската писменост.[78]

6. Византија продолжува да се јавува основен непријател и асимилатор, кој се стреми да ја разбие „компактноста на македонските склавинии“ и да го погрчи населението.[79] Меѓутоа сега е засилена негативната улога и на Бугарија, иако таа сепак да не се јавува главен и фундаментален непријател како Византија. За разлика од Историја народа Југославије, каде Бугарите им помагаат на македонските Словени против Византија (Загрепско издание), сега имаме спротивен случај: Византија ги штити македонските склавинии од Бугарија.[80] Во секој случај – спрема Бугарија е направено целосно разграничување.[81] Многу повеќе внимание е обратено на

[78] Последните три поими се дело на Харалампие Поленаковиќ, *ИМН 1969*, 99, 101, 103.
[79] *ИМН 1969*, 91 – 931
[80] Антолјак акцентира на тоа дека Константин V се изјавил како еден вид заштитник на македонските склавинии кога им попречил на Бугарите да „поробат“ една од нив (*ИМН 1969*, 92)
[81] Панов потенцира дека уште од почетокот на наметнување на бугарската власт Македонските Словени давале отпор против неа (*ИМН 1969*, 108)

објаснувањето на поимите *Бугарија* и *Бугари* во македонската средновековна историја и по специјално за Самуиловото царство.[82]

7. Христијанската религија е претставена понегативно отколку во ИНЈ, како исцело негативен фактор, како асимилаторска алатка на Византија со цел покорување на склавинииите и удар врз нивната „верска, народносна и културна самобитност". Дури и делото на св. Климент во таа смисла е сфатено негативно[83] во што сериозно се отстапува од тезите во ИНЈ.[84] После падот на Самуиловото царство Охридската архиепископија „одела кон тоа да ги уништи сите традиции што ги одгледувал македонскиот народ", и се борела против словенската писменост.[85]

8. Тезите на Ташковски за *богомилството* како етногенетски фактор не се прифатени и тоа овде се јавува неутрално спрема етногенезата како и во ИНЈ.[86]

9. Самуиловото царство се раѓа постепено, започнувајќи со востание против Бугарија, што таа не успеала да го задуши, а потоа иако потчинети меѓу 973 – 976 од Јован Цимисхиј, по неговата смрт во 976 г. комитопулите подигнале востание, и така се појавува „новосоздадената држава, која со востанието сосем се ослободила од византиското господство".[87]

Сепак сличностите се далеку повеќе од разликите[88] и тезата во ИМН стапнува врз ставовите на ИНЈ, само засилувајќи ги во однос на поголем македонски автохтонизам. Овој компромис во корист на националната интерпретација е

[82] За тоа ќе бидат понудени следните аргументи: *Бугари* се јавува поданичко име, а бидејќи *Болгарин* значи човек од Волга според Дукљанин „Македонците (Македонските Словени) не би можеле така да бидат нарекувани". Самуиловото царство е конгломерат од народи, најбројни од кои се Македонците, а на чело е царот на Бугарија Самуил, кој самиот така се нарекувал, но „сепак тоа била сосема нова државна форма" (Антољак, *ИМН 1969*, 130, 131).

[83] *ИМН 1969*, 100, 101.

[84] Според *ИНЈ Београд*, 271 на пример св. Климент ѝ „служел верно на владејачката класа болјари и на кнезот Борис" и преку тоа создава нова привилегирана група на оваа класа – свештенството, за што е и награден. „Но сепак ... Климентовото дело било со длабоко народен и прогресивен карактер, зашто благодарение на него Македонските Словени напредувале знатно во културата во споредба со останатите жители на Борисовата држава", а особено во ставање темелите на македонската словенска црква и издигнувањето на јазикот на Македонските Словени во книжевен и црковен (270, 271)..

[85] Панов *ИМН 1969*, 97, 148, 149,

[86] Спореди *ИМН 1969*, 112 – 115, *богомилството* одиграло „значајна улога во историјата на македонскиот народ", но не и за формирањето на македонскиот народ.

[87] *ИМН 1969,* 118, 120

[88] Види на пример третирањето на *својата* држава како не толку феудална и многу повеќе народна од туѓата: „се претпоставува дека повеќето селани во Самуиловото царство биле слободни, а бројот на зависните селани – ограничен", а во времето на Самуил и неговите наследници војската ја сочинувале слободните и зависни селани и жителите на градовите (*ИМН 1969*, 132, 134). За разлика од клучната тема за експлоатацијата, осиромашувањето и феудализацијата под Бугарија и Византија во времето на Смауил такво нешто не се спомнува.

компензиран со сериозна концесија во корист марксизмот и целосно демонизирање улогата на христијанството во македонската историја. Изгледа тоа била цената што Скопје требало да ја плати на Белград за добиената малку поголема слобода во одбраната против агресијата од исток.

Во многу аспекти во оваа историја модерниот национален сон за обединета и независна Македонија е пренесен во минатото и претставен како вечен стремеж и борба.[89] Влијанието на современоста врз интерпретацијата на историските збиднувања се гледа на повеќе места, како и настојувањето да се изгради сопствена целосно независна линија на етнички развој од древноста до денес.[90] Во целата етногенетска интерпретација се чувствува потребата да се одбрани македонскиот идентитет.[91]

Двајцата медиевисти автори на етногенетските формулации во ИМН (Стјепан Антолјак и Бранко Панов), во следните години ќе ги прецизираат своите ставови, а особено во трудовите што ги посветиле специјално на македонската етногенеза во 1972 г.[92]

### *Ставовите за етногенезата на Степан Антолјак*

Во своите трудови во 70-те години Стјепан Антолјак не посветува внимание на односот Словени – староседелци, кој веќе бил поставен во ИМН. Според него во *македонските склавинии* покрај Словени живееле и други народи, но не спомнува Македонци, туку Грци, Арбанаси и Власи и тврди дека тие во почетокот не се мешале со Словените.[93] Послаб акцент става тој врз идејата за тежнеењето на *Македонските Словени* кон формирање држава во *македонските склавинии*.[94] Прашањето за

[89] Wayne, Review, 498 „The writing of history with special national and ideological objectives has necessitated circumvention of delicate and insoluble questions and the molding of historical developments to fit preconceived notions. Imbued with national spirit, the Macedonian historians, like some Croatian and Serbian national historians, are driven to project the modern concept of nationalism into the past.“

[90] Wayne, Review, 498, „Their aim is to show that the Macedonians have a continuous history which is uniquely their own. To establish the identity of their people, the Macedonian historians seek to show that from the time their ancestors settled in the Balkans the Macedonian Slavs were a distinct group, that they crossed into the Balkans at a particular point and time, and that the original home of the Macedonian Slavs was not located in the same geographic area as that of the Bulgarians and the Serbs. The contemporary Macedonians are seen as the cultural heirs of ancient peoples who preceded them on the Macedonian territory.“

[91] Wayne, Review, 498

[92] Бранко Панов, За етногенезата на македонскиот народ, *ГИНИ* XVI/3 (ИНИ Скопје 1972), 77 – 99, Истата е преобјавена на англиски јазик во *Macedoine, ed. Institut d'histoire nationale* (Skopje 1981), 34 – 47

[93] Степан Антолјак, *Македонските Склавинии*, објавено за прв пат во *La Macedoine et les Macedoniens dans le passe* (Institut de l'histoire National Skopje 1970), 27 – 44, овде се цитира по *Средновековна Македонија* т. 1 (Скопје 1985) 134.

[94] Антолјак, *Македонските Склавинии*, 138: маченичката смрт на Првуд довела до она што тој не успеал „формирање на силен монолитен воен сојуз на македонските склавинии“.

релациите меѓу склавиниите и Бугарија кај него не се многу застапени, но се забележува тенденција за потенцирање на независноста и различноста.[95]

Многу поголемо внимание Антолјак обраќа на поимите *Македонци* и *Бугари*. За него *Македонски Словени* и *Македонци* се имиња за Словените кои се населиле во Македонија, а кои во периодот VI - IX в. слично на Србите и Хрватите „се кријат под заедничкото име Словени“.[96] Основен момент во неговото толкување на името *Македонци* е негирањето на ставот дека темата Македонија се наоѓала во Тракија,[97] и поддржувањето на позицијата дека под поимот *Македонци* во IX - X в. во византиските извори би требало да се разбираат имено *Македонските Словени,* зашто „старото македонско име поминало на тамо населените Словени, кои и византиските писатели од X и следниот век, исто така ги нарекуваат „Македонци“.[98]

После поделбата на Македонија во IX в. во оној дел кој се нашол во Бугарија „Македонците по правило започнале да ги нарекуваат Бугари во смисла на поданици на бугарската држава, како што бил случајот и со дел од Србите“ и во времето на Симеон и Петар „денешна Македонија“ се крие под името Бугарија и Бугарска земја.[99] Паралелно со концепцијата за „криењето“, што тој ја позајмува можеби од Ташковски (Самуиловото царство), Антолјак поддржува и дека некои византиски автори ги разграничувале *Македонците* од *Бугарите*.[100]

На сличен начин како „криење“ под туѓо име го разгледува и Самуиловото царство. Во државата на Самуил, кој бил викан цар на Бугарите, најбројни биле *Македонците* и на нив се однесува најчесто поимот *Бугари* во изворите[101] Антолјак во своето творештво воопшто ќе го третира Самуиловото царство како ново по содржина

---

[95] Византискиот император Константин V се ставил во улога на заштитник на македонските склавинии против Бугарија, а учеството на Словени од склавиниите како наемници во војската на Крум покажува дека овие Склавинии биле целосно независни од Бугарија (*Македонските склавинии*, 142, 147). Додека во 681 г. се создавала бугарската држава во Мизија, во Македонија постоеле склавинии; востанието на Комитопулите било насочено против бугарската централна власт (Степан Антолјак, Македонија и Македонците во средниот век (Прилог кон етногенезата на македонскиот народ), *ГИНИ* XVI / 1 (Скопје 1972), 111 – 124, овде се цитира по: *Средновековна Македонија* т. 1, 162, 167.

[96] Антолјак, *Македонија и Македонците,* 131

[97] Антолјак, *Македонските склавинии*, 143, Истиот, *Македонија и Македонците,* 163 – 165.

[98] Според него Константи Порфирогенит под Македонес „изричито мисли на македонските Словени“, а така прават и други современи писатели како Лиутпранд. Понатаму се повикува на користењето на прекар „Македонец“ за Никифор Вриениј и на нарекувањето на Солун „престолнина на Македонците“ од византиски поет Ефрем (Антолјак, *Македонија и Македонците,* 166, 169, 170).

[99] Антолјак, *Македонија и Македонците,* 164, 165.

[100] Антолјак, *Македонија и Македонците*, 168, ги наведува Георги Монах Лав Ѓакон, Михаил Аталијат, Јован Геометар, а подоцна и Јован Скилица.

[101] Во изворите термините „Бугари“ и „Бугарија“ користени за поразените од Василиј непријатели „претежно и во најголем дел се однесува на Македонија и македонскиот народ!“ *Исто,* 168, 172

макар и донекаде старо по форма.[102] По неговиот пад византиските автори ги викале жителите на Македонија: *Бугари,* како службен назив, под влијание на високото котирање на бугарското име во овој дел на Балканот, а од друга страна користат за нив и *Македонија* и *Македонци*, а во XIV в. дури се појавила и обратна тенденција *Бугарија* да се идентификува со *Македонија*.[103] Така за него поими како *Словени* и *Бугари* во изворите се јавуваат термини зад кои „се кријат“ Македонците.

### *Ставовите за етногенезата на Бранко Панов*

Бранко Панов го определува процесот на создавање на македонскиот народ, како долготраен и сложен, кој започнал уште пред словенизирањето на Македонија, а завршил со создавањето на македонската држава (Самуиловото царство) од јадрото на македонските склавинии.[104] Освен надградување на веќе поставените етногенетски формули во ИНЈ и ИМН, шемата што тој ја презентира во 1972 г. се јавува и реплика на понудената година порано од Димитар Ангелов теорија за бугарската етногенеза.[105] Книгата на Ангелов од своја страна претставува обид наметнатите од БКП цели за вклучување на македонското население во бугарската етногенеза да се формулираат во рамките на новите советски модели за етносот како постојана форма на организирање на човештвото која еволуира од *племе* (во родовското уредување) низ *народност* (во робовладетелското и феудалното општество) до *нација* (во капитализмот). Слично на сфаќањето на улогата на капиталистичките односи и држава во формирањето на нацијата, феудалните односи и создавањето на феудална држава се сфатени како клучни за создавањето на феудалната „народност“. Ова прифатена од Ангелов шема ја наоѓаме и кај Б. Панов, само што овде основно значење се дава на *(полу)државните формации* – склавиниите во Македонија, кои играле клучна улога во етногенетскиот

[102] Степан Антолјак, Самуиловото царство, во *ИМН 1969*, 117, 131, 132, Истиот, Во Историја на македонскиот народ, т. 1, Скопје 1985, 362, Истиот, Самуиловата држава, во *Средновековна Македонија*, т. 1 (Скопје 1985), 500, 501. Но тој знае и да го наведува тоа царство како чисто ново и македонско: Антолјак, *Самуиловото царство*, 120, 131, Истиот, *Самуиловата држава,* 500, 501,

[103] Антолјак, *Македонија и Македонците* ..., 173, 174 дава пример со тоа што бугарскиот цар Иван Александар е именуван Македонец.

[104] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, *Средновековна Македонија*, т. 3 (Скопје 1985).

[105] Димитар Ангелов, *Образуването на българската народност* (София 1971); Б. Панов, За етногенезата, 13 дури користи конструкција „македонската група Словени“, без да го објасни и аргументира таквиот поим, кој е директна реплика на „бугарска група Словени“ кај Ангелов. Всушност генерално етногенетските формули за формирање на балканските народи и постоечките идејни рамки бил многу слични, така што и не можело да се избега далеку од постоечката парадигма.

процес,[106] додека создавањето на народноста завршува со создавањето на Самуиловата држава.

Во аспект на односот *староседелци – Словени*, Панов е порезервиран од изнесеното во ИМН: староседелското население „ни најмалку не било од хомогено македонско потекло туку смеса", но кое под влијание на силните традиции на древна Македонија било викано македонско. Староседелците биле „малубројни и брзо се стопиле во словенската маса". Создадениот народ „по својата суштина... бил наполно словенски иако го усвоил името од античките Македонци" како и многу други културни особини и традиции.[107]

Процесот на создавање на македонскиот народ на некој начин бил предодреден, зашто уште во VII в. постои „македонската група Словени"[108] (реплика на „бугарската група Словени" кај Д. Ангелов), а дејствијата на „Македонските Словени" веднаш по населувањето се разбрани како тежнеење кон создавање „држава на Македонските Словени".[109] Процесот се забрзал од средината на VIII в. понатаму и се повеќе се наметнувало македонското име.[110] Во тоа биле поставени толку здрави основи, што овој процес не можел да се спречи ниту со губењето на независноста на *Склавиниите* во IX в. Проблемот со прекинот во постоењето на *Склавиниите* во втората половина на IX в. е решен преку веќе презентираната во Историја народа Југославије теза дека истите останале да постојат на некое пониско ниво: дури и под туѓа власт тие ја зачувале својата самоуправа и го употребувале „својот словенски и сега сè подиференциран јазик". Сите овие тенденции дошле заедно до израз кога во втората половина на X в. се создава *македонската држава,*[111] која „немала ништо заедничко со Првото бугарско царство" и која ги сплотила словенско-македонските кнежевства и

[106] Во македонските склавинии кои постоеле како поладржавни формации се создале „поволни услови за создавањето на македонскиот народ и држава". Македонските склавинии „сите заедно сочинувале една општа етничка територија, каде што словенскиот јазик бил општ" (последното е наречено „факт") што покажува „дека на територијата на некогашната древна македонска држава во овој временски период постоеле сите елементи потребни за создавањето на народ." Освен тоа сега склавиниите добиваат и ролја во воспоставувањето на феудални односи (Панов, *За етногенезата*, 9), важен фактор според теоријата на Бромлеј за создавање на држава а оттаму и на „народност".

[107] Панов, За етногенезата, 7, 8, 16

[108] Истиот, За етногенезата, 13.

[109] Успехот на Хацон би создал услови за тоа, а во 70-те години на VII в. тие биле на пат да се обединат во единствена држава начело со Пребонд (Панов, За етногенезата, 15).

[110] Панов, За етногенезата, 18, 19, се повикува на фразата „склавинии во Македонија" кај Теофан и во преводот извршен од Анастасиј Библиотекар.

[111] Од тука станува јасно тврдењето на Б. Панов, Самуилово царство, *Средновековна Македонија,* т. 3 (Скопје 1981), 42, дека создавањето на Самуиловото царство е долг процес кој влече почеток од крајот на VI в.

влијаела „да се заврши етногенезата на македонскиот народ и тој да ги добие сите белези на посебен словенски народ“.[112]

Христијанизацијата и црквата немаат улога во процесот на етногенезата. Независно што црквата е гледана како важна алатка за наметнување на феудалните односи, а преку тоа и на јакнење на феудалната држава и власт, тоа логично не води кај Панов до заклучок дека истата играла улога во создавањето на македонска држава и народност. Напротив истите се гледани негативно – како орудие за наметнување на странска политика и поткопување на самобитноста – дури и свети Климент е даден како работи за туѓата власт. Единствениот компромис наспроти негативната и асимилаторска улога на црквата е даден само во однос на Охридската архиепископија и тоа само во времето на Самуиловото царство.

Преку користењето на името на територијата Македонија Македонските Словени биле разликувани од бугарските и другите словенски племиња на Балканот. Именувањето *Бугари* за Македонците дошло после мирот меѓу Бугарија и Византија во 927 г. и понатаму продолжило да се користи по инерција. Но наспроти тоа етничкото македонско име се наметнало и продолжило да се користи во наредните векови и тоа сѐ почесто, а доказ за тоа е создавањето на македонскиот грб и така „со сите свои народности белези македонскиот народ го дочекал XIX в.“ кога во преродбата биле поставени здрав темели за создавање на македонската нација. [113]

## ***Библиографија***


Ангелов В. (ed.) 2009, Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1950 – 1967), София, Държавна агенция «Архиви»

Ангелов Д. 1947, Принос към народностните и поземлените отношение в Македония (Епирския деспотат) през първата четвърт на XIII в., *Известия на камарата на народната култура*, серия Хуманитарни науки, бр. 4, София

Ангелов Д. 1971, *Образуването на българската народност*, София

Антолјак С. 1985, Македонија и Македонците во средниот век (Прилог кон етногенезата на македонскиот народ), во *Средновековна Македонија* т. 1, Скопје, Мисла, 161- 179


[112] Панов, *За етногенезата*, 20, 24, 25.

[113] Панов, *За етногенезата*, 16, 18, 19, 25, 28. За користењето на македонското етничко име ги цитира Барските анали, Тимарион и Теофилакт Охридски, Панов, За етногенезата, 6.

Антолјак С. 1985, *Македонските Склавинии,* во *Средновековна Македонија* т. 1, Скопје, Мисла, 127 - 151

Антолјак С. 1985, Самуиловата држава, во *Средновековна Македонија*, т. 1, Скопје, Мисла, 237 - 707

Апостолски М. (ed.) 1969, *Историја на македонскиот народ, кн. 1, од предисториско време до крајот на 18 в.*, Скопје, Нова Македонија

Аџиевски К. 1994, *Пелагонија во средниот век,* Скопје

Бошковски М. 2010, *Скопје и скопската област од 6 до крајот на 14 век,* Скопје

Бромлей Ю. В. 1973, *Этнос и этнография,* Москва, Наука

Бурилкова И., Билярски Ц. (съст.) 2009, *Македонският въпрос в българо-югославските отношения* (1950 – 1967), София, Държавна агенция «Архиви»

Графенауер Б. (ed.) 1953, *Историја народа Југославие,* Београд

Димевски С. 1965, *Црковна историја на македонскиот народ,* Скопје

Димевски С. 1968, *Охридската архиепископија,* Скопје

Димевски С. 1981, *Македонските општествено-културни текови во феудализмот,* Скопје

Димевски С. 1989, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје

Държавна сигурност и културно-историческото разузнаване (1970-1989), *Из архивите на ДС, т. 15*, (София 2014)

Ивановски В. 2014, Борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот, *Историја на Македонија од антиката до АСНОМ*, книга прва, ред. Иван Катарџиев Скопје, МАНУ

Исаева О. Н. 2010, Македонский дискурс в современной историографии, *Славянский альманах*, 14, Москва, 238 -247

*Историја на македонскиот народ*, т. 1, Скопје 1985

Јотевски В. 1996, *Националната афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија, 1944 – 1948,* Скопје, ИНИ

Катарџиев Ив. 2008, *Македонската емиграција во Бугарија 1944 – 1950*, Скопје, МАНУ

Кацаров Ив. 1924, Нови изследвания върху археологията на Македония, *Македонски преглед*, Година I, № 1, София, МНИ, 21—25

Косев Д. 1952, Борбите на македонския народ за освобождение, София

Маринов Ч. 2013, *Македонското прашање од 1944 до денес, Комунизмот и национализмот на Балканот*, Скопје

Мушмов Н. 1924, Кои са най-старите монети от Александра Велики?, *Македонски преглед*, Година I, № 1, София, МНИ, 15—20

Мушмов Н.А. 1924, Монетите на Филипа II Македонски, *Македонски преглед*, г. I, № 3, София, МНИ, 39—50

Панов Б. 1985, За етногенезата на македонскиот народ, *Средновековна Македонија*, т. 3, Скопје, Мисла, 7 - 30

Панов Б. 1981, Самуилово царство, *Средновековна Македонија,* т. 3, Скопје, Мисла, 42 - 50

Петровски Б. 2015, *Средновековни населби и патишта во Полог,* Скопје

Проева Н. 2012, Националните митови во современа Европа и негирањето на македонскиот идентитет, *Slavia Meridionalis* 12, Warszawa, 107 - 158;

Пулевски Ѓорѓија 2003, *Славјанско-македонска општа историја*, Скопје, МАНУ

Ристовски Б. (ed.) 2009, *Македонска енциклопедија*, т. 1, Скопје, МАНУ

Ристовски Б. (ed.) 2009, *Македонска енциклопедија*, т. 2, Скопје, МАНУ

Снегаров Ив. 1995, *История на Охридската архиепископия*, т. 1, второ фототипно издание, София

Снегаров Ив. 1995, *История на Оридската архиепископия*, т. 2, второ фототипно издание, София

Стефоска И. 2011, *Струмица и Струмичко во средновековието,* Скопје

Стојков С. 2017, Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика, *70 години институт за историја - 70 години македонска историографија*, Скопје ИНИ, 177 – 215

Стойков С. 2014, *Табу, време на страх и страдание, преследването на македонците в България по време на комунизма (1944 – 1989),* Сандански

Ташковски Д. 1949, *Богомилското движење,* Скопје

Ташковски Д. 1970, *Богомилското движење,* Скопје

Ташковски Д. 1961, *Самуиловото царство,* Скопје

Ташковски Д. 1967, *Раѓањето на Македонската нација*, Скопје

Ташковски Д. 1971, Глаголаштвото и богомилството во Македонија како претходница на востанието од 969 г., во *Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава*, Скопје, ИНИ

Ташковски Д. 1974, *Кон етногенезата на македонскиот народ*, Скопје

Томчев Д. 1945, Македония и славянството, *Македонска мисъл* кн. 1-2, год. 1, София, МНИ, 18 – 27

Филиповски Т. 2009, *Охрид во средниот век VI - XI*, Unpublished PHD thesis, Скопје, УКИМ

Шатев П. 2012, *Историја на Македонија (Материјали)*, т. 1, Скопје

***

Bechev D. 2009, *Historical Dictionary of the Republic of Macedonia*, Historical Dictionaries of Europe, No. 68, UK, The Scarecrow Press

Clarke J. F. 1937, Zlatarski and Bulgarian Historiography, *The Slavonic and East European Review*, Vol. 15, No. 44

Grafenauer B. 1953 (ed.), *Historija naroda Jugoslavije*, t. 1, Zagreb

Novaković P 2007, Use of past, ancestors and historical myths in the Yugoslav wars in 1990*s*. Archaeology and the changing identity in the former Yugoslavia, „*Portolano Adriatico*", III/3 (Volo Publiser srl., Firenze 2007), 47 - 64;

Proeva N. 2010, Savremeni makedonski mit kao odgovor na nacionalne mitove suseda: albanski panilirizam, bugarski pantrakizam i grčki panhelenizam, *Zgodovinski časopis* 64, Ljubljana,, 176–219

Roudometof V. 2002, *Collective Memory, National Identity, and Ethnic Conflict, Greece, Bulgaria, and the Macedonian Question*, Praeger Publishers

Troebst S. 1999, IMRO + 100 = FYROM? The politics of Macedonian historiography, *The New Macedonian Question*, Macmillan Press Ltd, 60 - 78;

Wayne S. V. 1972, Review: Istorija na Makedonskiot Narod. by Mihailo Apostolski; Istorija Makedonskog Naroda: Vol. 1: Od Praistorije do Kraja XVIII Veka, *Slavic Review*, Vol. 31, No. 2, 497 – 499;